Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа ( “Службен весник на Република Македонија“ број 05/02), член 12 став 2 точка 3 од Законот за урбано зеленило ("Службен весник на Република Македонија" бр 11/18), член 12 од Правилник за планирање, проектирање, подигање и одржување на зеленилото, Советот на Град Скопје на четириесет и седмата седница, одржана на 26 декември 2019 година, донесе

**ГОДИШНА ОПЕРАТИВНА ПРОГРАМА**
# за подигање и одржување на зеленилото на подрачјето на Скопје за 2020 година

## I.ВОВЕД

Под надлежност на Град Скопје претпријатието ЈП Паркови и зеленило-Скопје има улога на сервис на граѓаните под мониторинг на стручните служби на градот Скопје и претставува единствено јавно претпријатие кое се грижи за подигање, уредување и одржување на зелените површини на територијата на градот Скопје. Претпријатието работните активности ги извршува на територијата на општините на Град Скопје (одржување на јавното градско зеленило), Парк-шума- Водно, Парк на природата Гази Баба, СРЦ Сарај и (одржување на вонградско зеленило и спортско рекреативни центри).

Извршувањето на предвидените работни активности според Програмата е во непосредна врска со потребниот број на извршители и целосното финансиско покритие за нивна реализација во тековната 2020година.

Во новиот концепт на извршување на активностите особено значајно место треба да завземе пејсажното планирање, проектирање и обликување на природната и урбаната средина, како од аспект на понудените решенија, така и со критичкиот осврт на реализираните објекти (од трети лица) и потребата од реконструкција. Подигањето на нивото на свесноста за комплексниот приод на урбаното и хортикултурното уредување е неопходно како кај одговорните кадровски структури така и кај непосредните извршители. Тесната соработка на Секторот за комунални работи и на Град Скопје со претпријатието ЈП Паркови и зеленило претставува императив за афирмација на претпријатието како единствено претпријатие, кое со својата организациска, кадровска и професионална ориентација е во функција на создавањето на новата урбана животна средина во градот.

## II. ОРГАНИЗАЦИЈА И ОДРЖУВАЊЕ НА ГРАДСКО И ВОНГРАДСКО ЗЕЛЕНИЛО

Постоечката законска регулатива е мошне комплексна и овозможува остварување на основната дејност на ЈП Паркови и зеленило, уредување и одржување на јавните зелени површини и тоа преку:

1. Одржување на јавното градско зеленило
2. Одржување на вонградското зеленило и спортско рекреативните центри.

Јавното претпријатие, работите ги извршува во сектори, одделенија, зони, реони, пунктови, објекти и спортско рекреативни центри, организирани според природата и карактерот на работата, обемот, сложеноста, нивната меѓусебна сродност и поврзаност. Организационата поставеност на Претпријатието по сектори е следната:

- Сектор **ГРАДСКО ЗЕЛЕНИЛО** распределено во 20 реони и две одделенија: Ѓорче Петров, Карпош I и II, Карпош III, Карпош IV, Капиштец, Центар, 11$^{ти}$Октомври, Аеродром, Јане Сандански, Ново Лисиче,Градски парк, Реонски центар,Кале, Ректорат, Автокоманда, Чаир, Топанско Поле, Одделение Парк 2, Одделение за одржување на парковска и хидрантска мрежа, Рајски Парк, Бутел и Маџари.

Секторот **ГРАДСКО ЗЕЛЕНИЛО** е директно одговорно за годишното одржување на јавното градско зеленило, сеопфатно со сите работни операции, а во согласност со потребите на Градот.

Секторот **ДРВОРЕДИ** работи со две одделенија: Одделение за тековно одржување на дрвореди и Одделение за интервенции во дрвореди, кој е одговорен за кастрење и формирање на крошните на дрвјата, отстранување на суви, оштетени и болни стебла, во соработка со градскиот Сектор за комунални работи – Решение за кастрење и сечење.

Секторот **ВОНГРАДСКО ЗЕЛЕНИЛО** е одговорен за одржување на вонградското зеленило кое се состои од: Парк-шума Водно, Парк на природата Гази Баба, СРЦ Сарај и езеро Матка.

Секторот **ПОДИГАЊЕ НА ЗЕЛЕНИЛО**, извршува активности за реконструкција на старото и оштетено зеленило, за подигнување и за озеленување на нови површини.

Заедничкото и координирано делување на секторите во одделни делови од градот се одвива со различен интензитет. Во однос на интезитетот на одржување и подигнување на зеленилото тоа се дели на:

**ЗЕЛЕНИЛО СО ЗГОЛЕМЕН ИНТЕНЗИТЕТ НА ОДРЖУВАЊЕ**

- Градски парк I и II дел и парк на франкофонијата
- Парк Жена Борец
- Булеварско зеленило долж магистрални патишта.

**ЗЕЛЕНИЛО СО ОПТИМАЛЕН ИНТЕНИЗТЕТ**

- СРЦ Сарај

**ЗАШТИТНО ЗЕЛЕНИЛО**

Парк-шума Водно, Парк на природата Гази Баба. Програмата целосно ја разработува финансиската конструкција за нејзина реализација. Реализацијата на Програмата во целост ќе биде овозможена со ангажирање на потребната работна сила која се надополнува со ангажирање на сезонски работници, односно привремено вработени лица. Динамиката на реализација на работните операции е директно условена од климатските услови, распространетоста и структурата на зеленилото и зависи од потребите на градот.

Табеларните прегледи се составен дел на Програмата за 2020 година. Во нив се дадени катастарските прегледи за годишното одржување, обемот и динамиката на работата која е променлива во текот на годината.

**НАПОМЕНА:**Начинот и интензитетот на одржувањето прикажани во табелите се менливи, во зависност од временските услови, структурата на зеленилото, неговата распространетост, истовремено, имајќи ги предвид и потребите за настани со посебно значење.

## III. СЕКТОР ГРАДСКО ЗЕЛЕНИЛО

**ГРАДСКИ ПАРК I и II ДЕЛ**

За одржување на природната рамнотежата меѓу количината на аерозагадениот воздух и парковските површини се применуваат различни норми за уредување и одржување на површините под урбано зеленило. Градскиот парк и Паркот на Франкофонија со својата распространетост на површина од 454.412m$^2$ зазема значајно место во воспоставувањето на оваа рамнотежа.

Посетеноста на граѓаните на овој дел од градот е сè помасовна, па оттука произлегува неопходноста за негово поинтензивно одржување.

Заради заштита на зелените површини и урбаната опрема, зајакната е чуварската служба составена од чувари од ЈП Паркови и зеленило.

Во претстојната 2020 година се предвидува реконструкција и хортикултурно уредување на вториот дел од паркот. Овие мерки би се примениле на делови од парковската површина со што би се внеле дополнителни парковски вредности.



**КАТАСТАРСКИ ПРЕГЛЕД**
На Градски парк I и II дел и Парк на Франкофонија
и Кеј на р.Вардар за одржување во 2020 година

| р.бр. | **објект** | **ед.мерка** | **површина** |
|---|---|---|---|
| **1** | Тревна површина | $m^2$ | 454.412 |
| **2** | Листопадни дрвја | бр | 6.012 |
| **3** | Зимзелени дрвја | бр | 1.800 |
| **4** | Листопадни грмушки | бр | 6.050 |
| **7** | Зимзелени грмушки | бр | 2.630 |
| **8** | Цветни површини | $m^2$ | 523 |
| **9** | Асфалтни патеки | $m^2$ | 49.874 |
| **10** | Попесочени патеки | $m^2$ | 11.348 |
| **11** | Ивици долж патеки | m | 67.166 |
| **12** | Алеја | $m^2$ | 300 |
| **13** | Парковски клупи | бр | 373 |
| **14** | Корпи за отпадоци | бр | 271 |
| **15** | Фонтани | бр | 2 |
| **16** | Мостови | бр | 19 |
| **17** | Чешми | бр | 9 |
| **18** | Прскалки | бр | 700 |
| **19** | Споменик | бр | 12 |
| **20** | Павиљон | бр | 1 |
| **21** | Ѕидан бунар | бр | 1 |
| **22** | Канделабри | бр | 251 |
| **23** | Санитарни јазли | бр | 2 |

**ПРЕГЛЕД**

на работни операции со интензитет на одржување  на јавното зеленило со потребни финансиски средства и работна рака за 2020 година за Градски Парк

| Р. бр. | Вид на работа | Квал | Ед. м. | Количина | Пати | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Косење со тример | РМ | $m^2$ | 68.162 | 12 | 817.942 |
| 2 | Греб.трев.пред маш.косење | ОР | $m^2$ | 454.412 | 2 | 908.824 |
| 3 | Машинско косење | РМ | $m^2$ | 386.250 | 12 | 4.635.002 |
| 4 | Собирање трева | ОР | $m^2$ | 454.412 | 12 | 5.452.944 |
| 5 | Изнесување трева со количка | ОР | $m^2$ | 136.324 | 12 | 1.635.883 |
| 6 | Утовар трева во камион | ОР | $m^2$ | 454.412 | 12 | 5.452.944 |
| 7 | Рачно поливање тревник | ОР | $m^2$ | 25.200 | 36 | 907.200 |
| 8 | Собирање лист со изнесув. | ОР | $m^2$ | 454.412 | 8 | 3.635.296 |
| 9 | Утовар лист во камион | ОР | $m^2$ | 454.412 | 8 | 3.635.296 |
| 10 | Сечење ивици по патеки | ОР | m | 11.566 | 1 | 11.566 |
| 11 | Садење сезонско цвеќе | ОР | $m^2$ | 557 | 2 | 1.114 |
| 12 | Прашење цветни површини | ОР | $m^2$ | 557 | 2 | 1.114 |
| 13 | Окопување дрвја и грмушки | ОР | бр. | 4.749 | 1 | 4.749 |
| 14 | Кроење на грмушки | ОР | бр. | 434 | 1 | 434 |
| 15 | Фито заштита | ОР | бр. | 206 | 2 | 412 |
| 16 | Собирање хартија | ОР | $m^2$ | 454.412 | 90 | 40.897.080 |
| 17 | Стругање плевел по патеки | ОР | $m^2$ | 11.348 | 2 | 22.696 |
| 18 | Метење асфалтни патеки | ОР | $m^2$ | 8.591 | 53 | 455.323 |
| 19 | Метење попесочени патеки | ОР | $m^2$ | 11.348 | 59 | 669.532 |
| 20 | Одржување санитарни јазли | ОР | ч | 2 | 760 | 1.520 |

**Легенда:**
**ОР** – општ работник
**РМ** – работник со машина

**ПРЕГЛЕД**

на работни операции со интензитет на одржување на јавното зеленило
со потребни финансиски средства и работна рака за 2020 година за Градски Парк

| р.бр | Работна операција | Кв | Ед.м. | Количина | Цена | Износ ден. | Нор. час | ОР | РМ | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Косење со тример | РМ | $m^2$ | 817.942 | 4,43 | 3.623.481 | 1.500 | | 2,27 | 1,51 |
| 2 | Гебул.трев. пред машинско косење | ОР | $m^2$ | 908.824 | 1,3 | 1.181.471 | 3.000 | 1,26 | | 1,26 |
| 3 | Машинско косење | РМ | $m^2$ | 4.635.002 | 2,26 | 10.475.105 | 3.500 | | 5,52 | 5,52 |
| 4 | Собирање трева | ОР | $m^2$ | 5.452.944 | 1,3 | 7.088.827 | 5.000 | 4,54 | | 4,54 |
| 5 | Изн.трева со количка | ОР | $m^2$ | 1.635.883 | 0,65 | 1.063.324 | 10.000 | 0,68 | | 0,68 |
| 6 | Рач.утов.трева во камион | ОР | $m^2$ | 5.452.944 | 0,32 | 1.744.942 | 10.000 | 2,27 | | 2,27 |
| 7 | Рач.полив. тревник и вегетација | ОР | $m^2$ | 907.200 | 2,19 | 1.986.768 | 3.000 | 1,26 | | 1,26 |
| 8 | Собир. лист со изнесув. | ОР | $m^2$ | 3.635.296 | 8,11 | 29.482.251 | 800 | 18,93 | | 18,93 |
| 9 | Утовар лист во камион | ОР | $m^2$ | 3.635.296 | 1,22 | 4.435.061 | 5.500 | 2,75 | | 2,75 |
| 10 | Сечење ивици по парковски патеки | ОР | m | 11.566 | 16,22 | 187.601 | 400 | 0,12 | | 0,12 |
| 11 | Садење сезонско цвеќе | ОР | $m^2$ | 1.114 | 96,86 | 107.902 | 67 | 0,07 | | 0,07 |
| 12 | Прашење цветни површини | ОР | $m^2$ | 1.114 | 64,9 | 72.299 | 100 | 0,05 | | 0,05 |
| 13 | Окопување дрвја и грмушки | ОР | бр | 4.749 | 72,12 | 342.498 | 90 | 0,22 | | 0,22 |
| 14 | Кроење на грмушки | ОР | бр | 434 | 144,23 | 62.596 | 45 | 0,04 | | 0,04 |
| 15 | Фито заштита | ОР | бр | 412 | 39,83 | 16.410 | 163 | 0,01 | | 0,01 |
| 16 | Собирање хартија | ОР | $m^2$ | 40.897.080 | 0,24 | 9.815.299 | 26.670 | 6,39 | | 6,39 |
| 17 | Стругање плевел по патеки | ОР | $m^2$ | 22.696 | 43,32 | 983.191 | 150 | 0,63 | | 0,63 |
| 18 | Метење асфалтни патеки | ОР | $m^2$ | 455.323 | 0,97 | 441.663 | 7.000 | 0,27 | | 0,27 |
| 19 | Метење попесочени патеки | ОР | $m^2$ | 669.532 | 1,62 | 1.084.642 | 4.000 | 0,70 | | 0,7 |
| 20 | Одржување на санитарни јазли | ОР | бр. | 1.520 | 177 | 269.040 | 2 | 3,17 | | 3,17 |
| | **ВКУПНО:** | | | | | **74.464.371** | | **43,37** | **7,79** | **50,39** |

## ПАРК ЖЕНА БОРЕЦ

Паркот- Жена Борец претставува посебно издвоен простор во центарот на градот, со вградени хортикултурни елементи, кој овозможуваат оптимални услови за пасивна рекреација на граѓаните.



**ПРЕГЛЕД**

на интензитетот на работа на зеленилото во Парк Жена Борец

за 2020 година (зголемен интензитет)

| Ред. бр. | Вид на работа | Кв. | Ед. м. | Количина | Пати | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **1** | Косење со тример | рм | $m^2$ | 695 | 12 | 8.340 |
| **2** | Греб.трев.пред маш.косење | ор | $m^2$ | 6.957 | 2 | 13.914 |
| **3** | Машинско косење | рм | $m^2$ | 6.262 | 12 | 75.144 |
| **4** | Собирање трева | ор | $m^2$ | 6.957 | 12 | 83.484 |
| **5** | Изнес.трева со количка | ор | $m^2$ | 2.087 | 12 | 25.044 |
| **6** | Утовар трева во камион | ор | $m^2$ | 6.957 | 12 | 83.484 |
| **7** | Рачно поливање тревник | ор | $m^2$ | 6.957 | 36 | 250.452 |
| **8** | Собирање лист со изнесув. | ор | $m^2$ | 6.957 | 8 | 55.656 |
| **9** | Утовар лист во камион | ор | $m^2$ | 6.957 | 8 | 55.656 |
| **10** | Садење сезонско цвеќе | ор | $m^2$ | 243 | 2 | 486 |
| **11** | Прашење цветни површини | ор | $m^2$ | 243 | 2 | 486 |
| **12** | Окопув. дрвја и грмушки | ор | бр. | 120 | 1 | 120 |
| **13** | Окопување и прашење рози | ор | $m^2$ | 40 | 2 | 80 |
| **14** | Плевење на рози | ор | $m^2$ | 40 | 2 | 80 |
| **15** | Кроење на рози | ор | бр | 50 | 1 | 50 |
| **16** | Кроење на грмушки | ор | бр | 9 | 1 | 9 |
| **17** | Фито заштита | ор | бр | 88 | 2 | 176 |
| **18** | Собирање хартија | ор | $m^2$ | 6.957 | 90 | 626.130 |
| **19** | Метење асфалтни патеки | ор | $m^2$ | 5.845 | 53 | 309.785 |
| **20** | Сечење ивици по парк.пат. | ор | m | 2.248 | 1 | 2.248 |

## **ПРЕГЛЕД** (зголемен интензитет)

на работни операции со интензитет на одржување  на јавното зеленило
со потребни финансиски средства и работна рака за 2020 година за Парк Жена Борец

| Р. бр | Раб.операција | Кв. | Ед.м. | Количина | Цена | Износ ден. | Нор. час | ор | рм |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Рачно косење | рм | $m^2$ | 8.340 | 4,43 | 36.946 | 1.500 | | 0,02 |
| 2 | Гребулање тревник пред маш. косење | ор | $m^2$ | 13.914 | 1,30 | 18.088 | 5.000 | 0,01 | |
| 3 | Машинско косење | рм | $m^2$ | 75.144 | 2,26 | 169.825 | 3.500 | | 0,09 |
| 4 | Собирање трева | ор | $m^2$ | 83.484 | 1,30 | 108.529 | 5.000 | 0,07 | |
| 5 | Изнесување трева трева со количка | ор | $m^2$ | 25.044 | 0,65 | 16.279 | 10.000 | 0,01 | |
| 6 | Рачен утовар трева во камион | ор | $m^2$ | 83.484 | 0,32 | 26.715 | 10.000 | 0,03 | |
| 7 | Рачно поливање тревник | ор | $m^2$ | 250.452 | 2,19 | 548.490 | 3.000 | 0,35 | |
| 8 | Собирање лист со изнесување | ор | $m^2$ | 55.656 | 8,11 | 451.370 | 800 | 0,29 | |
| 9 | Утовар лист во камион | ор | $m^2$ | 55.656 | 1,22 | 67.900 | 550 | 0,42 | |
| 10 | Садење сезонско цвеќе | ор | $m^2$ | 486 | 96,86 | 47.074 | 67 | 0,03 | |
| 11 | Прашење цветни површини | ор | $m^2$ | 486 | 64,90 | 31.541 | 100 | 0,02 | |
| 12 | Окопување дрвја и грмушки | ор | | 120 | 72,12 | 8.654 | 90 | 0,01 | |
| 13 | Окопување прашење рози | ор | $m^2$ | 80 | 64,90 | 5.192 | 100 | 0,00 | |
| 14 | Плевење рози | ор | $m^2$ | 80 | 92,72 | 7.418 | 70 | 0,00 | |
| 15 | Кроење на рози | ор | бр. | 50 | 46,40 | 2.320 | 140 | 0,00 | |
| 16 | Кроење на грмушки | ор | бр. | 9 | 144,23 | 1.298 | 45 | 0,00 | |
| 17 | Фито заштита | ор | бр. | 176 | 39,83 | 7.010 | 163 | 0,00 | |
| 18 | Собирање хартија | ор | $m^2$ | 626.130 | 0,24 | 150.271 | 26.670 | 0,10 | |
| 19 | Метење асфалтни патеки | ор | $m^2$ | 309.785 | 0,97 | 300.491 | 700 | 1,84 | |
| 20 | Сечење ивици по парковски патеки | ор | m | 2.248 | 16,22 | 36.463 | 400 | 0,02 | |
| | **ВКУПНО:** | | | | | **2.041.876** | **-** | **3,22** | **0,11** |

## БУЛЕВАРСКО ЗЕЛЕНИЛО

Покрај основната задача на булеварското зеленило да го раздвои движењето на пешаците и околната станбена зона од неповолното влијание на бучавата, загаденоста од издувни гасови од автомобилите и прашина и да создаде поволни микроклиматски и санитарно-хигиенски услови, булеварското зеленило има и улога да создаде поубав естетски изглед на уличниот простор. Потребата од реконструкција на зеленилото и поставувањето на нова хидрантска мрежа, наметна нов пристап во хортикултурното уредувањето на средишното зеленило, со поставување на жардиниери и поставување на современ систем за наводнување. Ова придонесува за зголемување на естетскиот ефект на зеленилото, а воедно и целосна заштита на зеленилото од уништување.

## КАТАСТАРСКИ ПРЕГЛЕД

на булеварското зеленило по видови и општини

и дел од објектите кои се под ингеренција на Градот за 2020 година

| Општина | Зеленило $m^2$ | Жардинери | Ивици (m) | Дрвореди бр. | Листопадни дрвја бр. | Зимзелени дрвја бр. | Листопадни грмушки бр. | Зимзелени грмушки бр. | Цвеќе $m^2$ | Перени бр. | Ружи $m^2$ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Центар** | 404.617 | 19.530 | 104.916 | 3.429 | 2.602 | 5.925 | 12.493 | 3.353 | 3.750 | 2.888 | 450 |
| **Карпош** | 148.314 | 20.920 | 15.821 | 5.019 | 1029 | 888 | 2.259 | 1.929 | 1.590 | 762 | 910 |
| **Ѓорче Петров** | 34.398 | 2 194 | | 150 | 339 | 570 | 314 | 113 | 506 | | 370 |
| **Чаир** | 131.293 | 5.846 | 8.328 | 3.901 | 1092 | 3.700 | 8.223 | 264 | 750 | 2.722 | 330 |
| **Бутел** | 17.143 | | 3.636 | 2.698 | 461 | 332 | 377 | 61 | 160 | | 300 |
| **Гази Баба** | 167.582 | 23. 364 | | 1274 | 644 | 5.778 | 14.521 | 5.381 | 680 | 87 | 300 |
| **Аеродром** | 462.331 | 14.202 | 2.255 | 2.553 | 930 | 1016 | 2.298 | 530 | 586 | 130 | 1106 |
| **Кисела вода** | 17.453 | | | 86 | 225 | 430 | 255 | 354 | 395 | 800 | 850 |
| **Вкупно** | **1.383.131** | **60.498** | **134.956** | **19.110** | **7.322** | **18.639** | **40.740** | **11.985** | **8.417** | **7.389** | **4.616** |

**ПРЕГЛЕД**

на булеварското зеленило и на дел од објектите кои се под ингеренција на Градот (јавно зеленило) за 2020 година

| Р.бр. | **Вегетација** | **Површина** | **Ед.** |
|---|---|---|---|
| **1** | Тревна површина | 1.383.131 | $m^2$ |
| **2** | Дрвореди | 19.110 | бр |
| **3** | Зимзелени дрвја | 18.639 | бр |
| **4** | Листопадни дрвја | 7.322 | бр |
| **5** | Зимзелени грмушки | 11.985 | бр |
| **6** | Листопадни грмушки | 40.740 | бр |
| **7** | Цветни површини | 8.417 | $m^2$ |
| **8** | Асфалтни патеки | 10.808 | $m^2$ |
| **9** | Ивици долж патеки и булевари | 134.956 | m |
| **10** | Жива ограда | 360 | m |
| **11** | Жива ограда | 300 | $m^2$ |
| **12** | Жардиниери | 60.498 | $m^2$ |
| **13** | Перени | 7.398 | $m^2$ |
| **14** | Рози | 4.614 | $m^2$ |

# ПРЕГЛЕД

на интензитетот на одржување на булеварското зеленило и дел од објектите
кои се под ингеренција на Градот за 2020 година

| Р.бр | Вид на работа | Кв. | Е.м. | Количина | Пати | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Рачно косење тревник | РМ | $m^2$ | 207.470 | 10 | 2.074.697 |
| 2 | Греб.трев.пред маш.косење | ОР | $m^2$ | 1.383.131 | 2 | 2.766.262 |
| 3 | Машинско косење | РМ | $m^2$ | 1.175.661 | 10 | 11.756.614 |
| 4 | Собирање трева | ОР | $m^2$ | 1.383.131 | 10 | 13.831.310 |
| 5 | Изнесув.трева со количка | ОР | $m^2$ | 414.939 | 10 | 4.149.393 |
| 6 | Утовар трева во камион | ОР | $m^2$ | 1.383.131 | 10 | 13.831.310 |
| 7 | Собирање лист со изнесување | ОР | $m^2$ | 1.383.131 | 8 | 11.065.048 |
| 8 | Утовар лист во камион | ОР | $m^2$ | 1.383.131 | 8 | 11.065.048 |
| 9 | Рач. поливање трева и вегетација | ОР | $m^2$ | 1.383.131 | 36 | 49.792.716 |
| 10 | Садење сезонско цвеќе | ОР | $m^2$ | 8.417 | 2 | 16.834 |
| 11 | Прашење цветни површини | ОР | $m^2$ | 8.417 | 2 | 16.834 |
| 12 | Окопување дрвја и грмушки | ОР | бр. | 14.206 | 1 | 14.206 |
| 13 | Кроење на грмушки | ОР | бр. | 11.774 | 1 | 11.774 |
| 14 | Фито заштита | ОР | бр. | 19.110 | 2 | 38.220 |
| 15 | Полив.дрвореди со цистерна | РМ | бр. | 19.110 | 16 | 305.760 |
| 16 | Окопување дрвореди | ОР | бр. | 19.110 | 1 | 19.110 |
| 17 | Кроење дрвја во дрвореди | РМ | бр. | 19.110 | 1 | 19.110 |
| 18 | Кроење жива ограда | ОР | $m^2$ | 300 | 3 | 900 |
| 19 | Окопување жива ограда | ОР | m | 360 | 3 | 1.080 |
| 20 | Метење асфалт. патеки | ОР | $m^2$ | 10.808 | 53 | 572.824 |
| 21 | Сечење ивици по бул.патеки | ОР | m | 134.956 | 1 | 134.956 |
| 22 | Собирање хартија | ОР | $m^2$ | 1.383.131 | 90 | 124.481.790 |
| 23 | Жардиниери | | | | | |
| | поливање | ОР | $m^2$ | 60.498 | 36 | 2.177.928 |
| | прашење | ОР | $m^2$ | 60.498 | 3 | 181.494 |
| | плевење | ОР | $m^2$ | 60.498 | 3 | 181.494 |
| 24 | Перени | | | | | |
| | Садење и расадување | ОР | $m^2$ | 7.398 | 1 | 7.398 |
| | Прашење и плевење | ОР | $m^2$ | 7.398 | 2 | 14.796 |
| 25 | Окопување и прашење на рози | ОР | $m^2$ | 4.616 | 2 | 9.232 |
| 26 | Плевење на рози | ОР | $m^2$ | 4.616 | 2 | 9.232 |
| 27 | Кроење на рози | ОР | бр. | 4.616 | 1 | 4.616 |

**П Р Е Г Л Е Д**

на работни операции со интензитет на одржување на булеварското зеленило и дел од објектите кои се под ингеренција на Градот со потребни финансиски средства и работна рака за 2020година

| Р.бр | Раб.операција | Кв | Ед.м. | Количина | Цена | Износ ден. | Нор.час | 0р | рм | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Рачно косење | РМ | m² | 2.074.697 | 4,43 | 9.190.905 | 1.500 | | 5,76 | 5,76 |
| 2 | Гребул.трев. пред машинско косење | ОР | m² | 2.766.262 | 1,30 | 3.596.141 | 5.000 | 2,31 | | 2,31 |
| 3 | Машинско косење | РМ | m² | 11.756.614 | 2,26 | 26.569.947 | 3.500 | | 14,00 | 14,оо |
| 4 | Собирање трева | ОР | m² | 13.831.310 | 1,30 | 17.980.703 | 5.000 | 11,53 | | 11,53 |
| 5 | Изнес.трева со количка | ОР | m² | 4.149.393 | 0,65 | 2.697.105 | 10.000 | 1,73 | | 1,38 |
| 6 | Утовар трева во камион | ОР | m² | 13.831.310 | 0,32 | 4.426.019 | 10.000 | 5,76 | | 4,61 |
| 7 | Собирање лист со изнесување | ОР | m² | 11.065.048 | 8,11 | 89.737.539 | 800 | 57,63 | | 57,63 |
| 8 | Утовар лист во камион | ОР | m² | 11.065.048 | 1,22 | 13.499.359 | 5.500 | 8,38 | | 8,38 |
| 9 | Рач.поливање трева | ОР | m² | 49.792.716 | 2,19 | 109.046.048 | 3.000 | 69,16 | | 69,16 |
| 10 | Садење сезонско цвеќе | ОР | m² | 16.834 | 96,86 | 1.630.541 | 67 | 1,05 | | 1,05 |
| 11 | Прашење цветна површина | ОР | m² | 16.834 | 64,90 | 1.092.527 | 100 | 0,70 | | 0,70 |
| 12 | Окопување дрвја и грмушки | ОР | бр | 14.206 | 72,12 | 1.024.537 | 90 | 0,66 | | 0,66 |
| 13 | Кроење на грмушки | ОР | бр | 11.774 | 144,23 | 1.698.164 | 45 | 1,09 | | 1,09 |
| 14 | Фито заштита | ОР | бр | 38.220 | 39,83 | 1.522.303 | 163 | 0,98 | | 0,98 |
| 15 | Поливање дрвореди со цистерна | ОР | бр | 305.760 | 64,90 | 19.843.824 | 100 | 12,74 | | 12,74 |
| 16 | Окопување дрвореди | ОР | бр | 19.110 | 98,69 | 1.885.966 | 56 | 1,42 | | 1,42 |
| 17 | Кроење дрвја во дрвореди | РМ | бр | 19.110 | 393,31 | 7.516.154 | 17 | | 4,68 | 4,68 |
| 18 | Кроење жива ограда | ОР | m² | 900 | 44,60 | 40.140 | 150 | 0,03 | | 0.03 |
| 19 | Окопување жива ограда | ОР | m | 1.080 | 64,90 | 70.092 | 100 | 0,05 | | 0,05 |
| 20 | Метење асфалтни патеки | ОР | m² | 572.824 | 0,97 | 555.639 | 7.000 | 0,34 | | 0,34 |

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **21** | Сечење ивици по бул. патеки | ОР | m | 134.956 | 16,22 | 2.188.986 | 400 | 1,41 | | 1,41 |
| **22** | Собирање хартија | ОР | m² | 124.481.790 | 0,24 | 29.875.630 | 26.670 | 19,45 | | 19,45 |
| **23** | Одржување на покр. во жардиниери | | | | | | | | | |
| | - поливање | ОР | m² | 2.177.928 | 2,19 | 4.769.662 | 3.000 | 3,02 | | 3,02 |
| | - прашење | ОР | m² | 181.494 | 72,12 | 13.089.347 | 90 | 8,40 | | 8,40 |
| | - плевење | ОР | m² | 181.494 | 64,90 | 11.778.961 | 100 | 7,56 | | 7,56 |
| **24** | Перени | | | | | | | | | |
| | садењеи расадување | ОР | m² | 7.398 | 113,89 | 842.558 | 57 | 0,54 | | 0,54 |
| | прашење и плевење | ОР | m² | 14.796 | 64,90 | 960.260 | 100 | 0,62 | | 0,62 |
| **25** | Окопув. и прашење на рози | ОР | m² | 9.232 | 64,90 | 599.157 | 100 | 0,38 | | 0,38 |
| **26** | Плевење на рози | ОР | m² | 9.232 | 92,72 | 855.991 | 56 | 0,69 | | 0,69 |
| **27** | Кро ење на рози | ОР | бр | 4.616 | 46,40 | 214.182 | 140 | 0,14 | | 0,14 |
| | **ВКУПНО:** | | | | | **378.798.388** | | **217,75** | **24,44** | **242,29** |

Легенда:**РМ** – работник со машина**, ОР** – општ работник

## ТАБЕЛАРЕН ПРЕГЛЕД

за редовно одржување на зеленилото под ингеренција

На Град Скопје за 2020година

| **Назив на објектот** | **Површина $m^2$** | **Потребен број извршители** | **Потребни финансиски средства** |
|---|---|---|---|
| **Градски парк I и II дел и Парк на франкофонија** | 454.412 | 51 | 74.464.371 |
| **Парк  Жена борец‘** | 6.957 | 3 | 2.041.876 |
| **Бул.зел,магист и регион.улици и дел од објекти под ингеренции на градот** | 1.383.131 | 242 | 378.798.371 |
| **ВКУПНО:** | **1.844.500** | **296** | **455.304.618** |

**Графикон 1:** Површина во $m^2$




**График он 2:** Потребни средства



## ТАБЕЛАРЕН ПРЕГЛЕД

за редовно одржување на зеленилото под ингеренција на општините за 2020 година

| Општина | Површ. во $m^2$ | Потребен број на извршители | Потребни фин.средства за одржување во денари |
|---|---|---|---|
| Центар | 199.933 | 14 | 20.630.663 |
| Карпош | 605.063 | 40 | 61.583.703 |
| Ѓорче Петров | 93.735 | 7 | 10.385.733 |
| Кисела Вода | 211.864 | 13 | 19.699.244 |
| Аеродром | 1.023.129 | 66 | 103.779.323 |
| Гази Баба | 186.365 | 13 | 17.727.496 |
| Ч а и р | 299.000 | 21 | 37.029.791 |
| Бутел | 74.946 | 5 | 7.952.486 |
| Шуто Оризари | 16.690 | 2 | 1.440.504 |
| **ВКУПНО:** | **2.710.725** | **181** | **280.228.943** |

Графикон 3: Општинско зеленило ($m^2$)




Графикон 4: Потребни средства за одржување на општинско зеленило



# РЕКАПИТУЛАР

| Зеленило | Површина во $m^2$ | Потребен бр.на извршители | Потребни финансксредства во денари |
|---|---|---|---|
| Град | 1.844.500 | 296 | 455.304.618 |
| Општини | 2.710.725 | 181 | 280.228.943 |
| **ВКУПНО** | **4.555.225** | **477** | **735.533.561** |

Графикон 5: Рекапитулар



**ПРЕГЛЕД**
**новоподигнати и реконструирани зелени површини во 2019 год.**

| | | |
|---|---|---|
| 1 | Зелен плоштад на Бул. Февруарски поход и ул. Тодор Чангов | 3.635 |
| 2 | Зелен плоштад на Бул. Партизански одреди пред кула бр 8 | 800 |
| 3 | Зелен плоштад на Бул. Србија кај Џеваир | 4.781 |
| 4 | Зелен плоштад на Бул. Партизански одреди кај Универзална сала | 1600 |
| 5 | Зелен плоштад на ул Втора Македонска бригада и ул. Кемал Сејфула пред згр. Бр. 24 | 3.590 |
| 6 | Зелен плоштад на Бул. Гоце Делчев кај Македонска филхармонија | 6.995 |
| 7 | Зелен плоштад на Ул В.В Аџиларски и бул Крсте Мисирков кај Дрводекор | 2.500 |
| 8 | Зелен коридор на Бул 8 Септември, потег од Бул Партизански одреди до Бул. М.Т Гологанов | 3.479 |
| 9 | Зелен коридор на Бул. М.Т Гологанов, потег од ВЕРО до пунктот на Паркови и зеленило | 720 |
| 10 | Зелен плоштад на Бул. М.Т Гологанов кај студентски дом Кузман Јосифовски Питу | 1.229 |
| 11 | Зелен коридор на Бул. К.П Мисирков - потег од МАНУ до Битпазар | 3.123 |
| 12 | Зелен плоштад на Бул. Климент Охридски кај Сојуз на возачи | 500 |
| 13 | Зелен коридор на ул. Васил Главинов | 267 |
| 14 | Зелен коридор на Бул. Илинденска-потег од Бул. 8 Септември до ул.Љубљанска | 5.543 |
| 15 | Зелен плоштад на Бул. Кочо Рацин кај Олимписки базен | 2.400 |
| 16 | Зелен плоштад на Бул. Партизански одреди кај Сити Мол | 5.960 |
| 17 | Зелен плоштад на ул. Македонска војска кај Полициска станица | 3.320 |
| 18 | Зелен коридор на Бул. Партизански одреди спроти Соборен храм | 585 |
| 19 | Зелен плоштад на аголот помеѓу Бул. Кочо Рацин и Кеј 13 Ноември | 914 |
| 20 | Зелен плоштад помеѓу II Македонска Бригада и ул. Ферид Мурат | 9.121 |
| 21 | Зелен плоштад на бул.Н.Т.Гологанов кај Реплек | 816 |
| 22 | Зелен коридор на бул.Никола Карев, потег од надвозникот Детелинка кај Бит Пазар до кружен ток кај х.Континентал | 3.800 |

## IV. ПОДИГНУВАЊЕ НА НОВО УРБАНО ЗЕЛЕНИЛО ЗА ЈАВНА УПОТРЕБА И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ДЕГРАДИРАНО НЕУРЕДЕНО ЗЕЛЕНИЛО

Подигнувањето на ново урбано зеленило се врши при изградба на комуналните инфраструктурни објекти, каде како инвеститор се јавува Градот Скопје.

Реконструкција на урбаното зеленило најчесто се врши при реконструкција и изградба на објекти од комуналната инфраструктура и на површини каде што постојното зеленило ја надминало својата физиолошка зрелост, како и облагородување на просторот на кој се настанати диви депонии, напуштени површински копови и простор кој е неискористен. Се предвидува и подигнување на кровни и вертикални градини, зелени ѕидови и заштитно зеленило како тампон зона, како и поставување на урбана опрема.

Во 2020 година се предвидува подигнување на ново урбано зеленило на јавни површини и реконструкција на јавно зеленило на следните локации:

1. Реконструкција и хортикултурно уредување на зелен плоштад позади собрание на Р.С.Македонија
2. Реконструкција и хортикултурно уредување на зелен плоштад - Дом на АРМ
3. Реконструкција и хортикултурно уредување на зелен коридор на бул. Кочо Рацин средна жардињера во делот на општина центар средна лента.
4. Реконструкција и хортикултурно уредување на зелен коридор Бул.3-та Македонска бригада-во делот на Општина Центар,средната лента кај О.У.11-ти Октомври.
5. Реконструкција и хортикултурно уредување на зелен коридор Бул.М.К. Бригада
6. Реконструкција и хортикултурно уредување на зелен коридор Бул.Ферид Мурад
7. Реконструкција и хортикултурно уредување на зелен коридор Бул. Џон Кенеди
8. Реконструкција и хортикултурно уредување на зелен коридор Бул. Втора Македонска Бригада

9. Реконструкција и хортикултурно уредување на зелен коридор Бул. Босна и Херцеговина
10. Реконструкција и хортикултурно уредување на зелен коридор Бул. Кемал Сејфула
11. Реконструкција и хортикултурно уредување на зелен коридор Бул.Х.Т. Карпош средишна жардињера.
12. Реконструкција и хортикултурно уредување на зелен коридор на ул.Лазар Личеноски
13. Реконструкција и хортикултурно уредување на зелен коридор Бул. Партизански одреди- потег од големиот кружен ток кон малиот
14. Реконструкција и хортикултурно уредување на зелен коридор Бул.Гоце Делчев- од раскрсница со ул.Беласица до плоштад Скендербег од двете страни.
15. Реконструкција и хортикултурно уредување на зелен коридор Детелинка.
16. Реконструкција и хортикултурно уредување на зелен коридор Бул. 8 ми Септември од раскрсница на ул.Скупи до раскрсница со Бул.Илинден.
17. Реконструкција и хортикултурно уредување на зелен коридор Бул.Јане Сандански-левата и десната страна од Бул.Србија до Нова Железничка.
18. Реконструкција и хортикултурно уредувањена зелен коридор Бул.Србија од мостот Близнак-десната страна до Бул.Јане Сандански
19. Реконструкција и хортикултурно уредување на зелен коридор Бул.Киро Глигоров.
20. Реконструкција и хортикултурно уредување на зелен коридор Бул.Србија од страна на бензиската пумпа Макпетрол, од Бул.Видое Смилевски Бато до Бул.3-та Македонска Бригада
21. Реконструкција и хортикултурно уредување на зелен коридор Февруарски поход од Бул.Видое Смилевски Бато до АСНОМ.
22. Хортикултурно уредување на јавна површина-зелен плоштад на бул.3та Македонска бригада, потег после подвозникот према транспортен центар.
23. Реконструкција и хортикултурно уредување на зелен коридор - Бул.3-та Македонска Бригада.

24. Реконструкција и хортикултурно уредување на зелен плоштад Парк Македонија на Ул.Христо Татарчев.
25. Реконструкција и хортикултурно уредување на зелен коридор Парк на пензионери (Драчево).
26. Реконструкција и хортикултурно уредување на зелен коридор Бул.Александар Македонски.
27. Реконструкција и хортикултурно уредување на зелен коридор Раскрсницата кај Автокоманда.
28. Реконструкција и хортикултурно уредување на зелен коридор Бул.Партизански одреди- жардињерите од левата и десната страна.
29. Реконструкција и хортикултурно уредување на зелен коридор Бул.8-ми Септември - од MIDA до Бул.Партизански одреди, од страната на Карпош 2
30. Реконструкција и хортикултурно уредување на јавна површина - зелен плоштад помеѓу Бул.партизански одреди и ул.Шекспирова до Драмскиот театар.
31. Хортикултурно уредување на јавна површина - Парк помеѓу ул. Лазар Димитров и Железничките пруги.
32. Реконструкција и хортикултурно уредување на зелен коридор на ул.Македонска војска.
33. Хортикултурно уредување на зелен коридор на бул. Климент Охридски.
34. Хортикултурно уредување на јавна површина – зелен плоштад на ул. Васил Ѓоргов во близина на згрижувачки дом за деца без родители 11-ти Октомври
35. Хорт.уред. на зелен плоштад позади зграда Филатрон на ул.Борис Трајковски.
36. Хортикултурно уредување на зелен коридор на ул.11ти Октомври, потег помеѓу расксницата со Бул.Кочо Расин и ул.Филип Втори
37. Хортикултурно уредување на јавна зелена површина-Парк, потег помеѓу Бул.Илинден и пешачата патека на реката Вардар, во делот кај депонијата.
38. Реконструкција и хортикултурно уредување на кејот на река Вардар од двете страни.

## Реконструкција и хортикултурно уредување на урбаното зеленило

Градски Парк II дел - ќе се продолжи со хортикултурно уредување и реконструкција на постоечкото зеленило со поставување на забавни детски реквизити и друга урбана опрема.

Исто така се предвидува реконструкција на урбаното зеленило во зелените коридори и плоштади до булеварите и магистралните и собирни улици во Градот Скопје, реконструкција на урбаното зеленилото покрај велосипедските патеки и пешачките патеки, како и на друго урбано зеленило за јавна употреба во Градот, а кое е од големо значење за рекреација на граѓаните, како и на други неуредени зелени површини за кои ќе се укаже потреба за нивно хортикултурно уредување. Ќе се пристапи и кон реконструкција и хортикултурно уредување на јавни зелени површини, садење на садници и сезонско цвеќе,на површини кои се под ингеренции на општините во Градот Скопје, а по претходно склучени меѓуопштински соработки помеѓу Градот Скопје и Општините во градот.

Ќе се продолжи со засадување на 600.000 цвеќиња на подрачје на град Скопје, како и со набавка и садење на 10.000 високо квалитетни парковски садници и декоративни грмушки за обновување на дрворедите од урбаното зеленило покрај булеварите, магистралните и собирните улици, мајор коритото на реката Вардар, како и во парковите, зелените плоштади и коридори, доколку се укаже потреба заради реконструкција или надмината физиолошка старост на стеблата.

Во текот на 2020 година ќе продолжи активноста за сечење на тополи. Се предвидува да бидат исечени околу 100 (сто) стебла во Градски Парк и на други локации, заради надмината физиолошка старост на растението во градско подрачје.

# СЕКТОР
# ВОНГРАДСКО ЗЕЛЕНИЛО

# ПРОГРАМА

за одржување на вонградското зеленило и

спортско рекреативните центри за 2020 година

Врз основа на важечките законски прописи. вонградското зеленило и спортско рекреативните центри се под ингеренција на Градот Скопје.

Основната дејност на Секторот Вонградско зеленило е одржување и заштита на парк-шумите и спортско рекреативните центри. За подобро извршување на работите, тие организациски и оперативно се поделени на следните објекти:

Парк-шума Водно
Парк на природата Гази Баба
СРЦ Сарај

Со предлог-програмата предвидени се низа работни операции и активности, со чие извршување би се обезбедило зачувување и зголемување на нивната еколошка, естетска и рекреативна вредност.

Начинот и интензитетот на одржувањето, прикажани во табелите се менливи, во зависност од временските услови, структурата на зеленилото, неговата распространетост, а истовремено имајќи ги предвид и потребите на граѓаните.

Предлог - Програмата за Секторот Вонградско зеленило се состои од табеларни прегледи на објектите, катастар на зеленилото, парковскиот инвентар, број на операциите, како и динамиката и интензитетот на одржувањето. На крајот, согласно со нормите и поединечните цени, во крајната табела е даден потребниот број на непосредни извршители и финансиската конструкција за реализација на програмата за одржување на Секторот Вонградско зеленило.

## ПАРК-ШУМА ВОДНО

Парк-шумата Водно како комплексен екосистем има посебно значење за градот Скопје преку остварувањето на својата еколошка и енвироментална функција. Санитарно-хигиенските функции на планината Водно за градот се однесуваат на влијанието на микроклимата, значењето во прочистувањето на воздухот, позитивните ефекти за намалувањето на бучавата, заштитата од поројните дождови, одржувањето на водниот и температурниот режим. Посебно значајна е рекреативната улога на Парк шумата Водно, како и архитектонско-естетската вредност на истата.

Површината на парк-шумата Водно изнесува 4573ha, од кои обраснатата шумска површина изнесува 2168 ha, необраснатата шумска површина (голини и деградирани пасишта) 1555 ha и останата нешумска површина (земјоделско земјиште, згради и дворови) 850 ha. Според ова, околу 47% од целиот простор е обраснат и ја врши заштитната функција на шумата. Според нормативите за потребниот квантум на зеленило за задоволување на еколошките барања, потребни се околу 120 $m^2$ зелена површина по жител или за целиот град Скопје со околу 500 000 жители е потребно најмалку 6000 ha зелени површини во и во непосредната околина. Во сегашни услови, Водно обезбедува околу 35-40% од потребното зеленило и претставува бели дробови на градот Скопје.



## ТАБЕЛАРЕН ПРЕГЛЕД

на операции за редовно одржување, финансиска конструкција и извршители на Водно за 2020 година

| Мерки за редовно одржување | ед.м | количина | ед.цена | потребни финансиски средства | дневници | бр. на работници |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Метење на патишта,паркиралишта и парковски простори | $m^2$ | 8.000.000 | 0,97 | 7.760.000 | 9.700 | 37,31 |
| Косење со тример | $m^2$ | 200.000 | 4,43 | 886.000 | 1.108 | 4,26 |
| Машинско косење | $m^2$ | 74.000 | 2,26 | 167.240 | 209 | 0,80 |
| Собирање трева | $m^2$ | 74.000 | 1,3 | 96.200 | 120 | 0,46 |
| Утовар трева во камион | $m^2$ | 74.000 | 0,32 | 23.680 | 30 | 0,11 |
| Собирање лист со изнесување | $m^2$ | 74.000 | 8,11 | 600.140 | 750 | 2,89 |
| Кроење на дрва | бр | 300 | 393,31 | 117.993 | 147 | 0,57 |
| Собирање хартија | $m^2$ | 8.000.000 | 0,24 | 1.920.000 | 2.400 | 9,23 |
| Садење сезонско цвеќе | $m^2$ | 200 | 96,86 | 19.372 | 24 | 0,09 |
| Прашење цветна површина | $m^2$ | 200 | 64,9 | 12.980 | 16 | 0,06 |
| Чист.на култури на опожар.и оштетени површ./санит.сеча/со изнесув. и транспорт | ha | 10 | 79.300 | 793.000 | 991 | 3,81 |
| Прореда на пошумени култури со изнесување и транспорт | ha | 12 | 73.950 | 887.400 | 1.109 | 4,27 |
| Пробивање на просеки, заштита од пожари | ha | 6 | 590.400 | 3.542.400 | 4.428 | 17,03 |
| Обезбедување на шумата од пожари, мобилни екипи по 6 раб.во две смени 9м и 3 м 6 р. една смена | час | 3.780 | 1.536 | 5.806.080 | 7.258 | 27,91 |
| **ВКУПНО (ден/надници):** | | | | **22.632.485** | **28.291** | **109** |

# ПАРК НА ПРИРОДАТА ГАЗИ БАБА

Паркот на природата Гази Баба претставува вештачки подигната шума која се наоѓа во средиштето на градската урбана зона. Зеленилото на овој локалитет е интегрален дел на градот и е во функција на здравјето на луѓето, бидејќи има огромно хигиенско-санитарно значење, како и естетска вредност, бидејќи претставува атрактивен, интензивно пошумен простор со површина од 105 ha. Со цел да се сочува шумата, неопходно е секоја година да се применуваат соодветни одгледувачко-мелиоративни мерки.



# ПРЕГЛЕД

на работни операции за редовно одржување на Парк на природата Гази Баба
со потребни финансиски средства за 2020 година

| Ред. бр | Мерки за редовно одржување | Ед. мера | количина | Ед.цена во денари | финансиски средства | надници | бр.на раб |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Собирање хартија | $m^2$ | 2.200.000 | 0,24 | 528.000 | 660,0 | 2,5 |
| 2 | Метење трим и асфалтни патеки | $m^2$ | 550.000 | 0,97 | 533.500 | 666,9 | 2,6 |
| 3 | Косење со тример | $m^2$ | 880.000 | 4,43 | 3.898.400 | 4.873,0 | 18,7 |
| 4 | Собирање трева со изнесување | $m^2$ | 414.000 | 1,3 | 538.200 | 672,8 | 2,6 |
| 5 | Фито заштита | бр | 10.000 | 39,83 | 398.300 | 497,9 | 1,9 |
| 6 | Поливање зеленило | $m^2$ | 480.000 | 2,19 | 1.051.200 | 1.314,0 | 5,1 |
| 7 | Машинско косење | $m^2$ | 500.000 | 2,26 | 1.130.000 | 1.412,5 | 5,4 |
| 8 | Утовар на трева во камион | $m^2$ | 300.000 | 0,32 | 96.000 | 120,0 | 0,5 |
| 9 | Кроење дрвја | бр | 400 | 393,31 | 157.324 | 196,7 | 0,8 |
| 10 | Утовар на гранки | $m^3$ | 30 | 811,2 | 24.336 | 30,4 | 0,1 |
| 11 | Санитарна сеча | ha | 10 | 79.300 | 793.000 | 991,3 | 3,8 |
| 12 | Пробив против пожарна просека | km | 1 | 590.400 | 590.400 | 738,0 | 2,8 |
| 13 | Прореда на пошумену површини | ha | 3 | 79.300 | 237.900 | 297,4 | 1,1 |
| 14 | Окопување садници | бр | 500 | 72,12 | 36.060 | 45,1 | 0,2 |
| 15 | Обезбед.на шумата од пожар - дежурства - мобилна екипа 4 работника во две смени - 9 мес. и 3 мес. - 4 работника во една смена | час | 3800 | 1.536 | 5.836.800 | 7.296,0 | 28,1 |
| | **ВКУПНО** | | | | **15.849.420** | **19.812,0** | **76,0** |

# СПОРТСКО РЕКРАТИВЕН ЦЕНТАР - САРАЈ

Во текот на 2019 година во спортско рекреативниот центар внесени се нови содржини. Изградени се два големи и два мали видиковци поставени се детски реквизити, отворен е парк за миленици, а и површините со цветен расад се зголемени. Со воведување на новите содржини се зголемува употребната вредност за граѓаните на Скопје и околните населени места.  Зеленилото на кое се применува оптимален интензитет во одржувањето, во Програмата е обработено низ повеќе табеларни прегледи со точно утврден катастар, интензитет, број на непосредни извршители и неопходна финансиска конструкција. Предложениот интензитет е во согласност со микроклиматските услови на објектот, постоечка вегетација, како и функцијата и значењето на севкупниот простор.



# КАТАСТАРСКИ ПРЕГЛЕД

за СРЦ Сарај за 2020 година

| р.бр. | ОБЈЕКТ | ед.мерка | површина |
|---|---|---|---|
| 1 | Тревна површина | $m^2$ | 240.000 |
| 2 | Зимзелени дрвја | бр | 50 |
| 3 | Листопадни дрвја | бр | 1018 |
| 4 | Листопадни грмушки | бр | 50 |
| 5 | Зимзелени грмушки | бр | 7 |
| 6 | Асфалтни патеки | $m^2$ | 900 |
| 7 | Поплочени патеки | $m^2$ | 3.000 |
| 8 | Спортски терени | $m^2$ | 20.000 |
| 9 | Водомерни шахти | бр | 4 |
| 10 | Парковски клупи | бр | 82 |
| 11 | Чешми | бр | 2 |
| 12 | Олимписки базен | бр | 1 |
| 13 | Кошаркарски игралишта | бр | 2 |
| 14 | Тениско игралиште | бр | 2 |
| 15 | Игралиште за играње одбојка | бр | 1 |
| 16 | Ракометно игралиште | бр | 1 |
| 17 | Фудбалско игралиште | бр | 1 |
| 18 | Рустик видиковец | бр | 1 |
| 19 | Санитарни јазли | бр | 1 |
| 20 | Корпи за ѓубре | бр | 58 |
| 21 | Рефлектори | бр | 4 |
| 22 | Канделабри | бр | 51 |
| 23 | Цвеќе | $m^2$ | 300 |

# ПРЕГЛЕД

на интензитетот на работа на зеленилото во СРЦ Сарај за 2020 година

| Ред. бр. | Вид на работа | Квалиф | Ед. м. | Количина | Пати | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | **Косење со тример** | РМ | $m^2$ | 36.000 | 5 | 180.000 |
| 2 | **Гребуљање трева пред машинско косење** | ОР | бр | 240.000 | 1 | 240.000 |
| 3 | **Машинско косење** | РМ | бр | 204.000 | 5 | 1.020.000 |
| 4 | **Собирање трева** | ОР | бр | 240.000 | 5 | 1.200.000 |
| 5 | **Изнесување трева со количка** | ОР | бр | 72.000 | 5 | 360.000 |
| 6 | **Утовар трева во камион** | ОР | $m^2$ | 240.000 | 5 | 1.200.000 |
| 7 | **Собирање лист со изнесув.** | ОР | $m^2$ | 120.000 | 2 | 240.000 |
| 8 | **Утовар лист во камион** | ОР | $m^2$ | 120.000 | 2 | 240.000 |
| 9 | **Рачно поливање тревник** | ОР | бр | 70.000 | 22 | 1.540.000 |
| 10 | **Окопув. дрвја и грмушки** | ОР | бр | 385 | 1 | 385 |
| 11 | **Кроење на грмушки** | ОР | бр | 3 | 1 | 3 |
| 12 | **Фито заштита** | ОР | бр | 11 | 1 | 11 |
| 13 | **Собирање хартија** | ОР | бр | 240.000 | 35 | 8.400.000 |
| 14 | **Метење асфалтни патеки** | ОР | бр | 900 | 28 | 25.200 |
| 15 | **Сечење ивици по парковкси патеки** | ОР | бр | 3.000 | 1 | 3.000 |
| 16 | **Метење поплочени патеки** | ОР | бр | 3.000 | 28 | 84.000 |
| 17 | **Одржување санитарни јазли** | ОР | бр | 380 | 1 | 380 |
| 18 | **Сад.сезонско цвеќе** | ОР | бр | 300 | 2 | 600 |
| 19 | **Праш.сезонско цвеќе** | ОР | бр | 300 | 2 | 600 |

**ПРЕГЛЕД**

на работните операции со интензитетот на одржувањето на зеленило и потребните финансиски средства и работната рака за СРЦ – Сарај за 2020 година

| Р. бр | Работна операција | Кв | Ед.м. | Количина | Цена | Износ ден. | Нор. час | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Косење со тример | РМ | $m^2$ | 180.000 | 4,43 | 797.400 | 1.500 | **0,50** |
| 2 | Гебул.трев. пред машинско косење | ОР | $m^2$ | 240.000 | 1,3 | 312.000 | 5.000 | **0,20** |
| 3 | Машинско косење | РМ | $m^2$ | 1.020.000 | 2,26 | 2.305.200 | 3.500 | **1,21** |
| 4 | Собирање трева | ОР | $m^2$ | 1.200.000 | 1,3 | 1.560.000 | 5.000 | **1,00** |
| 5 | Изн.трева трева со количка | ОР | $m^2$ | 360.000 | 0.65 | 234.000 | 1.000 | **1,50** |
| 6 | Утовар трева во камион | ОР | $m^2$ | 1.200.000 | 0,32 | 384.000 | 1.000 | **5,00** |
| 7 | Собир. лист со изнесув. | ОР | $m^2$ | 240.000 | 8,11 | 1.946.400 | 800 | **1,25** |
| 8 | Утовар лист во камион | ОР | $m^2$ | 240.000 | 1,22 | 292.800 | 5.500 | **0,18** |
| 9 | Рачно поливање трева | ОР | $m^2$ | 1.540.000 | 1,75 | 2.695.000 | 3.000 | **2,14** |
| 10 | Окопување дрвја и грмушки | ОР | бр | 385 | 72,12 | 27.766 | 90 | **0,02** |
| 11 | Кроење на грмушки | ОР | бр | 3 | 144,23 | 433 | 45 | **0,00** |
| 12 | Фито заштита | ОР | бр | 11 | 39,83 | 438 | 163 | **0,00** |
| 13 | Собирање хартија | ОР | $м^2$ | 8.400.000 | 0,24 | 2.016.000 | 26.670 | **1,31** |
| 14 | Метење асфалтни патеки | ОР | $m^2$ | 25.200 | 0,97 | 24.444 | 7.000 | **0,02** |
| 15 | Сечење ивици по патеки | ОР | $m^1$ | 3.000 | 16,22 | 48.660 | 400 | **0,03** |
| 16 | Метење попесочени патеки | ОР | $m^2$ | 84.000 | 1,62 | 136.080 | 4.000 | **0,09** |
| 17 | Одржув ање санитарни јазли | ОР | Ч | 380 | 177 | 67.260 | 1 | **1,58** |
| 18 | Сад. сез. цвеќе | ОР | $m^2$ | 600 | 96,86 | 58.116 | 67 | **0,04** |
| 19 | Праш.сез.цвеќе | ОР | $m^2$ | 600 | 64,9 | 38.940 | 100 | **0,03** |
| | **ВКУПНО** | | | | | **12.944.937** | | **16,10** |

## V. ИЗВРШИТЕЛ НА ГОДИШНА ОПЕРАТИВНА ПРОГРАМА

Задолжен субјект за извршување на активностите предвидени со оваа Програма е ЈП "Паркови и зеленило" – Скопје како Јавно претпријатие основано од Градот Скопје.

ЈП "Паркови и зеленило" се задолжува да ја реализира која ја донесува Советот на Град Скопје.

## VI. НАДЗОР НАД ИЗВРШУВАЊЕ НА ГОДИШНА ОПЕРАТИВНА ПРОГРАМА

Надзор над извршувањето на Годишната оперативна програма, врши Секторот за комунални работи.

Инспекциски надзор над извршувањето на Годишната оперативна програма, врши Секторот за инспекциски работи

## VII. ФИНАНСИРАЊЕ НА АКТИВНОСТИТЕ ПРЕДВИДЕНИ СО ПЛАНОТ

Финансирањето на активностите за планирање, подигање, одржување, заштита и реконструкција на јавното зеленило , предвидено со овој план, се врши преку одвојување на дел од цената на потрошената, фактурирана и наплатена вода и одведување на урбани отпадни води.

Средствата остварени на овој начин, се користат и за финансирање на одржувањето на јавното зеленило што е во надлежност на Градот Скопје.

Делот на подигање и реконструирање на јавното зеленило се финансира преку програмата од Буџетот на Град Скопје, врз основа на договор што ќе се заклучи помеѓу Градот Скопје и ЈП "Паркови и зеленило".

Цените за работите околу подигање и реконструкција на зеленилото, што ги врши ЈП "Паркови и зеленило" се дефинирани во Ценовникот за услуги во хортикултурата, како и во Ценовникот на Саден материјал, кои се усвоени од Управниот одбор на ЈП "Паркови и зеленило", а за кои согласност има дадено Советот на Град Скопје.

## VIII. ПРЕОДНИ ОДРЕДБИ

Оваа годишна оперативна програма влегува во сила со денот на објавување во "Службен гласник на Град Скопје".

Број 27-12150/1
26 декември 2019 година
С к о п ј е

С О В Е Т Н А Г Р А Д С К О П Ј Е
K Ë SH I LL I I QYTETIT TË SHKUPIT
ПРЕТСЕДАТЕЛ KRYETAR
проф.д-р Љубица Јанчева prof.dr Ljubica Janceva